**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**Бр.08-6496/83**

**16.12.2020 година**

**Кавадарци**

# З А П И С Н И К

**За работата на 50-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 16.12.2020 година**

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

**Ја отварам 50-тата седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.**

**На седницата присуствуваат 19 советници , отсутни нема .**

**Констатирам дека кворум за работа има и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.**

- Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од 49-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден **13.11.2020** година.

Дали има забелешки по Записникот од 49-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од 49-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци?

Против и Воздржани нема .Устануваме сите 19 ЗА.

Колеги Советници пред да констатирам дека Записникот од 49-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци е усвоен, Ви се извинувам што на почетокот не ве прочитав. Ајде сега да одиме поединечно за установување на кворум. Ние по екранот установивме 19 советници, али ради Записникот на службите обврска моја е да ве читам поединечно.

РИСТО САКАЛИЕВ: Мирјана Гркова

МИРЈАНА ГРКОВА:Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: М-р Горица Пеливанова Вилхем

ГОРИЦА ПЕЛИВАНОВА ВИЛХЕМ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Виолета Димитрова

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Василка Дрварова

ВАСИЛКА ДРВАРОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Весна Ѓорѓиева

ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Развигор Кабранов

РАЗВИГОР КАБРАНОВ: Јес

РИСТО САКАЛИЕВ: Да

РИСТО САКАЛИЕВ: Митко Камчев

МИТКО КАМЧЕВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Анита Гинова Каракутова

АНИТА ГИНОВА КАРКУТОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Душица Крстиќ

ДУШИЦА КРСТИЌ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Божанка Минова

БОЖАНКА МИНОВА: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Тони Нешковски

ТОНИ НЕШКОВСКИ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Драганчо Николов

ДРАГАНЧО НИКОЛОВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Петар Николов

ПЕТАР НИКОЛОВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Радњански до мене

РИСТО САКАЛИЕВ: Ристо Сакалиев овде

РИСТО САКАЛИЕВ: Стојанов Јосиф Да

РИСТО САКАЛИЕВ: Блаже Тасев. Колегата Блаже беше уклучен.

БЛАЖЕ ТАСЕВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Овде

РИСТО САКАЛИЕВ: Трендафилов Никола. ДА и Лазар Туриманџов

ЛАЗАР ТУРИМАНЏОВ: Тука

РИСТО САКАЛИЕВ: Да . Благодарам

Констатирам дека е усвоен Записникот од 49-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

**Со Решението за свикување на денешната седница имаме добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа :**

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2021 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2021;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2021 година;
5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2021 година;
6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
7. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2021 година;
8. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
9. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2021 година;
10. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;
11. Предлог-Програма за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2021 година;
12. Предлог-Програма за работа во обласга на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;
13. Предлог-Програма за именување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2020 година;
14. Предлог-Програма за комунални дејности за 2021 година;
15. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2021 година;
16. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2021 година;
17. Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2021 година;
18. Предлог-Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2021 година;

19. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2021 година;
20. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;
21. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;
22. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;
23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;
24. Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на река "Милевец" и "Изворите", Општина Кавадарци, опфатена со Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци;
25. Предлог-Одлука за ослободување од плакање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект;
26. Предлог-Програма за развој на Општина Кавадарци за 2021 година;
27. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2021 година;
28. **На оваа точка се менува насловот и тоа**:Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – електрични колички на електромоторен погон за хендикепирани лица на Здружение на лица со телесен инвалидитет ..МОБИЛНОСТ“ Кавадарци ;
29. Предлог-Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година;
30. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година;
31. Предлог- Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година на правно лице;
32. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година на правно лице;
33. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2021 година;

34. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на,, Комуникација со јавноста,, во 2021 година;
35. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2020 година;
36. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2021 година;
37. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.12709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (зграда.1);
38. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.12709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (зграда.6);
39. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 40/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
40. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 42/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
41. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 44/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
42. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 32/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
43. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 47/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
44. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 43/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
45. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 36/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
46. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 35/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
47. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 45/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
48. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 33/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

49.Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест недвижна ствар - деловен простор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци ;
50.Предлог-Одлука за давање согласност за реализација на проектот ,,Ритам на Европа,,;
51.Предлог-Одлука за примање на донација на материјални добра од Друштво за прозиводство, трговија и услуги "ЗОКА ТРЕЈД" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
52.Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;
53.Предлог-Одлука за примање финансиски средства од ,, Z Transportation Inc,, претставништво Кавадарци , за изградба на парк до споменикот,,Киро Крстев,, ;
54.Предлог-Одлука за коефициентот на платите на директорите на културните институции основани од Општина Кавадарци;
**(ОВАА ОДЛУКА ВЛЕГУВА ВО СИЛА СО ДЕНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕТО);**
55.Програма за работа на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
56.Финансов План за 2021 година на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
57.Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
58.Финансов План за 2021 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
59.Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
60.Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;
61.Програма за работа за 2021 година со арх.бр.03-2011/3 од 30.11.2020 година на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
62.Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци со арх.бр.03-2037/3 од 07.12.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
63.Одлука за примање од ЈП,,Комуналец,, Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со

арх.бр.03-2037/4 од 07.12.2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
64.Програма за работа за 2021 година на ЈОУ Библиотека,,Феткин,,Кавадарци со арх.бр.02-199/3 од 25.11.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека,,Феткин,,Кавадарци;
65.Програма за работа со арх.бр.02-437/1 од 18.11.2020 година на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци;
66.Програма за работа со Годишен финансов План со арх.бр.02-44/4 од 17.11.2020 година, на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
67.Програма со финансов план со арх.бр.0202/3 од 05.12.2020 година за работа на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;
68.Извештај со арх.бр.02-76/3 од 07.12.2020 година, за редовното работење на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци за III тромесечие од 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци;
69.Програма со арх.бр.02-76/4 од 07.12.2020 за работа и развој на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци;
70.Предлог-Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;
71.Барање со арх.бр.12-6274/1 од 26.11.2020 година од Македонски полициски синдикат;
72.Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река ,,Дошница,,Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала ,,Баров Дол,, ;
73.Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води, бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река ,,Дошница,,Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала,,Папрад,, ;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има против и воздржани? Нема. Едногласно. Сите ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 74;**

- Програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Извештај за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Има ли ЗА? Има ли против и воздржани? Нема. Утврдуваме 19 ЗА .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 75**

- Извештај за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

- Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставниците во Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Дали има воздржани и против? Нема . Утврдуваме 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка **со реден број 76**

- Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставниците во Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

-Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2021 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Има ли воздржани , против? Нема . Утврдуваме 19 ЗА.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 77**

-Предлог-Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2021 година.

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .
Има ли воздржани , против? Не. Утврдуваме едногласно .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 78**

--Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани, против? Не . Утврдуваме едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 79**

-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Кавадарци.

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа**

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци.

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани, против? Не . Констатирам едногласно.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 80**

-Предлог-Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион –Тиквеш-Кавадарци.

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани, против? Не . Констатирам едногласна одлука.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 81**

- Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година ;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-638 од 09.12.2020 година, за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Има ли воздржани, против? Не .

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни **со точка 82**

Измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-638 од 09.12.2020 година, за вработување на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ООУ,,Страшо Пинџур,, Кавадарци;

**Согласно член 59 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :**

Предлог-Одлука за давање согласност на Правилник ..

Колеги се извинувам . Дали има други предлози за измени и дополнување на дневниот ред? Доколку нема ваквиот дневен ред

го ставам на гласање . Има ли против и воздржани? Нема. Утврдуваме едногласно гласање на дневниот ред .

Колеги одиме сега со точките на дневниот ред.

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Колегата Петар Николов бара збор. Повели колега .

ПЕТАР НИКОЛОВ: Добарден на сите. Пред да почнам со моето обраќање најпрво сакам да му посакам на моите колеги советници кои што се позитивни побрзо оправување и побрзо враќање на своите професионални обврски. Почитуван Градоначалник. Почитувани колеги Советници во моето денешно обраќање ќе се задржам за сите реализирани проекти од Владата на СДСМ во соработка со Општина Кавадарци во тековната 2020 година . Најпрво ќе почнам со реконструкција на водоводните линии и атмосферската канализација на улици во село Сопот , финансирани со средства од општинскиот буџет во висина од 2 580 197 денари и од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој во висина од 14 334 433 денари или вкупно овој проект е со вредност од 16 914 630 денари . Следно изградба на велосипедска патека од мостот во село Ваташа до Моклишката Воденица финансиран од општинскиот буџет со сума од 5 225 591 денар и од Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој со сума од 29 030 840 денари или вкупно 34 256 431 денари. Проект за локални патишта финансиран од Министерството за транспорт и врски со вредност од 77 751 735 денари и тоа за улиците Илинденска , Пионерска , Браќа Џунови со првиот повик и Западен Булевар и Дисанска по вториот повик . Изградба на дел од главен колектор за отпадни води до прочистителна станица финансиран од општинскиот буџет со 13 000 000 денари и од Министерството за животна средина со 5 000 000 денари или вкупно целата оваа инвестиција е во вредност од 18 000 000 денари . Чистење и уредување на Моклишкото Езеро со средства од општински буџет во висина од 248 425 денари и од Агенцијата за финасиска подршка во земјоделството и руралниот развој со сума од 747 740 денари или вкупно оваа инвестиција е во

вредност од 996 165 денари. Во врска со намалувањето на аерозагадувањето одобрени се средства од Владата во износ од 621 000 денари и тоа за реконструкција на кровот во градинката во село Возарци и за озеленување на површини . За подобрување на социјалните услуги се издвоени средства од Министерството за труд и социјална политика во износ од 9 210 560 денари . Понатаму за реконструкција на улицата Шишка средства се обезбедени од општинскиот буџет во висина од 31 000 000 денари и средства од Јавното претпријатие за државни патишта во висина од 22 000 000 денари или вкупно овој проект реконструкцијата на улица Шишка кошта 53 000 000 денари. Изградба на мост во село Ваташа финансирано од Министерството за транспорт и врски заедно со Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 29 000 520 денари . Реконструкција на Винска куќа финансиран од општинскиот буџет во износ од 3 096 460 денари и од Бирото за регионален развој со сума во висина од 4 453 179 денари или вкупно овој проект реконструкција на Винска куќа е во износ од 7 549 630 денари. Врз основа на сите горенаведени проекти од општинскиот буџет се издвоени сума од 55 150 248 денари. Од страна на државните институции се издвоени 192 048 535 денари или севкупно во Општина Кавадарци за 2020 година се инвестирани 247 198 783 денари или кажано повеќе од 4 000 000 евра.Ваквата соработка помеѓу Владата и Општина Кавадарци очигледно дава големи резултати и треба да бидеме пример и за останатите општини. Соработката помеѓу Владата и Општина Кавадарци ќе продолжи и во 2021 година со уште повеќе проекти. Ви благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги дали друг од колегите бара збор? Божанка Минова. Повели колешке .

БОЖАНКА МИНОВА: Јас би дала коментар на буџетот, на предлог буџетот на Општина Кавадарци кој што има планирано приходи за 2021 година со 1 049 967 000 од кои што даночни приходи се 184 615 000 ... значи приходи се од 223 956 кои се должат на опфатот на вишок на средства од Јавното претпријатие Комуналец. Планираните расходни по намена се 1 155 717 000 и би се задржала на некои ставки кои што се карактеристични и се за коментар. Имаме зголемување во даночните приходи и тоа во

делот на данокот на плати од трговски друштва, имаме благо намалување на приходи од занаетчиштво . Данокот на промет на недвижности е намален за разлика од 2020 2,65 000 000. Оваа година е 2,45 000 000. Најверојатно како рефлексија на состојбата здраствена, која што ја имаме се очекува и помал промет на недвижнини, значи таа разлика е некаде околу 2 000 000 . Намалување имаме на комунална такса за фирми, комунална такса за користење на улици и од возила, значи тие приходи се намалени . Тука само во донациите од специјални услуги забележливо е покачување на очекувани приливи , приходи во делот на комунална такса на простор пред дуќани се очекува зголемување од 1,6 000 000 кој што бил во 2020 на 2,7 000 000 во 2021 година . Што се однесува до надоместокот за комуналии значително е зголемен. Во 2020 е 20 000 000, во 2021 се предвидуваат 30 000 000. Тоа е 10 000 000 разлика. Значи имаме големи предвидувања за градби. Неданочни приходи во 2020 е 84, 3 000 000, додека во 2021 е 154,7 000 000 кое е воглавно резултат на опфатот на средства од Јавното претпријатие Комуналец кој што е во согласност со Законот за јавни претпријатија. Се што не е прераспределено во тековната година Општината го опфаќа за јавна намена. Тука би ги спомнала и капиталните приходи, продажба на градежно земјиште . Имаме значително зголемување на вредноста од 4 000 000 на 20 000 000 и согласно Законот за градежно, тоа произлегува од Законот за градежно земјиште за кое се носи Програма, која е една од наредните точки, нели Програмата за градежно земјиште кое што земјиште се дава на располагање на Општината од страна на Републиката, доделено на Општината за да го продава и нормално доколку постојат урбанистички планови за тоа . Ова е солиден извор на финансирање од делегираната надлежност на Републиката да располага со градежно земјиште. Надоместокот од Концесии на минерални суровини е исто така значително зголемено од 5 000 000 во 2020, сега во 2021 се предвидуваат 10 000 000, кое што е во согласност за Законот за минерални суровини пренесено финасирање од Министерството за економија на Локалната Самоуправа . Што се однесува до ставката трансфери и донации, трансфери од републички буџет и од трансфери од буџет на фондови збирно тоа се 62 000 000 очекувани приходи, што значи дека Републиката преку владините и

министерските програми преку буџетот и буџетите на фондовите како што се Агенцијата за финансиска подршка на земјоделиеto, Јавното претпријатие за државни патишта, Бирото за рамномерен развој и други во значителен дел учествуваат како извор на приход на буџетот на Општината. Што се однесува до дотации на Општината од ДДВ имаме намалување од 2,8 000 000, но сметаме дека со донесување на Законот за финансирање на Локална самоуправа кое што е во процедура се очекува да се зголеми оваа ставка и нормално да се зголемат дотациите кои што се наменети со пренесени надлежности за образование, детска заштита и друго. Што се однесува до приходи, добра бројка е приходот и од Светска Банка кој што е 14 000 000 . Забележливо е што овдека во приходи од Европска Унија, се мисли на проекти имаме очекување нула, но јас сметам дека во оваа тековна година со апликацијата на Општината по проекти од Европската Унија, реално е очекувано битно да се зголемат овие приходи за разлика од претходните години, бидејќи нашата Општина е позната по реализацијата на проекти од ваков карактер . И тука имаме приходи од домашно задолжување. Тоа се 118 000 000.Тоа се кредитот кој што е наменет за пазар и за кој што ние тековната 2020 година донесовме одлука. Но би сакала да го искоментирам во делот на приходите, во делот на расходите имаме забележително зголемување во делот ставката на плати. Најверојатно се должи, по мое видување за трансформација на работните односи од одредено на неодредено време на Државните службеници за разлика споредбено со намалувањето на износот од привремени вработувања. И тоа е за поздравување. Кај поставката договорни услуги зголемена е значително вредноста за изработка на детални урбанистички планови која што во 2020 е 2,1 000 000 , а сега е 5,6 000 000 и токму јас по ова ставка имам и еден амандман, кој што упатува на тоа да заради задоволување на потребите на граѓаните да се зголеми за 1 000 000 ова ставка, што би направила опфат од ставката ЈД Комунална изградба. Значи во образложението еве го приложувам и притоа и амандман. Потоа имаме субвенции трансфери намалување од 4 000 050 на 3,8 000 000. Сметам дека не е во ред заради кризната состојба, што е последица од зголемувањето на социјалните помошти, како што ние нели имаме амандман, тоа ќе го образложат другите . Би сакала да кажам дека

во ставката Капитални расходи е најзастапена во буџетот со скоро 260 000 000 и со ова на буџетот му дава  еден инфраструктурен карактер, значи овдека имаме најголем  процент на кумулирање на средствата во овој дел на ставка на расходи, кој што е пред се наменет за изградба на улици и тоа да речиме  во 2020   59 000 000, а сега за изградба на улици  се 85 000 000, реконструкција  на улица имаме 40 000 000  во 2020,  2021 веќе имаме 126 000 000. За поздравување е и ова што е Ставката Капацитет за водоснабдување каде што имаме 9,5 000 000 каде што тука е и планирањето  на изградбата на водоводот на Брушани .Е сега тука во изградбата на комерцијални објекти  од Програмата на ЛЕР, каде што ставката Други трансфери имаме зголемување на 43 000 000 од 32 000 000 со намена за сите области на живеење во Локалната Самоуправа, како што се за спортски друштва , Совет за превенција, Совет за безбедност во сообраќајот, финансиска подршка на Јавното претпријатие  Спортска сала, Јавното претпријатие Паркинзи, верски заедници , бесплатно лизгалиште итн. Сега би сакала да дадам коментар и за делот каде што имаме одржување на урбана опрема . Тука се предвидени средства  за 2,5 000 000 што е значително зголемување во споредба со 2020 година,  каде што сме имале 1,1 000 000 и тие средства воогланво се наменети за детски игралишта и фонтани, меѓутоа  тоа овдека немаме во програмите образложение за кои локации се предвидени ваквите детски игралишта. И би дала коментар за образованието. Таму во делот на образованието значително се намалени капиталните приходи. Некаде се планираат само 36 000, па мое апелирање е да се искористи за капитални интервенции во училиштата да се искористат  оние позиции од Републиката, поточно во Министерството за образование, каде што се определени средства за реконструкција на училиштата. И карактеристично  за образованието е што на располагање му се и нови проекти од Еразмус +, каде што самите училишта можат да аплицираат и притоа да ги искористат Европските фондови за унапредување на наставата, посебно апел има до средното образование, кои што може значително  ваквите проекти да дадат импут во квалитетот на профилирањето на кадрите . Толку имав јас да кажам . Ви благодарам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке. Дали друг бара збор? Повели Виолета. Ви даваме збор.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Почитуван Градоначалник, Претседател на Советот, Почитувани Советници. Врз основа на Статутот на Општина Кавадарци, на предлогот на буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година го поднесуваме следниот амандман. Во билансот на расходи, во категоријата 47 социјални бенефиции во ставката, 471 Социјални надоместоци во првата подколона од колоната Буџет за 2021 година од ставката 471 110 Социјална парична помош износот 1 800 000 денари се заменува со износот од 2 200 000 денари . Во Билансот на расходи во категоријата 46 Разни трансфери , во ставката 464 Разни трансфери , во првата потколона од колоната Буџет за 2021 година во ставката 464 990 Други трансфери износот од 51 890 000 денари се заменува со износот од 51 490 000 денари . Образложението со Амандманот се предлага да се предвидат средства во висина од 400 000 денари за социјална помош на жртвите од семејно насилство . За жал во епидемија , во текот на епидемијата, пандемијата на ковидот бројот на жртвите од семејно насилство и во нашата Општина е значително зголемен. И уште еден врз основа на нели на Статутот на Општина Кавадарци на предлогот на буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година го поднесувам следниот Амандман. Во Програмата Т1 Унапредување на здраствената заштита износот од 1 500 000 денари се заменува со износот од 2 000 000 денари. Образложението со Амандманот се предлага да се обезбедат дополнителни 500 000 денари кои што ќе бидат за зголемено обезбедување на бесплатни ПЦР тестови, односно брзи тестови за тестирање за Ковид 19. Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке. Дали друг некој од колегите бара збор? Радњански за збор. Повели колега .

ТАШО РАДЊАНСКИ: Почитуван Градоначалник, почитувани Советници, служби кои што се во канцеларијата и останати, најверојатно и медии, бидејќи верувам дека оваа Седница на Совет ќе се пренесува. Јас малку би ја прокоментирал Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци, особено она што значи руралниот развој, руралниот дел, иако тоа е посебна точка, но сепак бројките и цифрите на

средства кои што се овде  дадени се гласат во  првата точка во Буџетот и сега своето гледање на ова што значи рурален развој, гледаме Марена 3 150 000. Тоа се нели рурални средини во близината на градот Кавадарци и го гледаме Крњево со 700 000, Бохула со 600 000 , Чемерско со 500 000, Долна Бошава со 400 000, Фариш со 350 000, Дабниште со 1 000 000, Кошани со 1 300 000 денари, Куманичево со 1 000 000 за тампонирање  нели,  со 1 000 000  Ќесендре за тампонирање и така натаму.Е сега дали е техничка грешка или се работи за нешто друго под  точка, по азбучен ред нели  на Р, не го гледам селото  Радња  и одма ќе го пренесам она , што нели Радњани кои што се  сигурно повеќе од 1500 луѓе во Кавадарци коментираат дали Градоначалникот е татко на градот ? Да ја му велам  тој е татко на градот. Дали тука спаѓа селото Радња како што се овие сите села? Па тогаш Градоначалникот излева дека е очув на градот . Не знаеме зошто селото Радња е изоставено. Кога беа оние месни заедници, гледавме дека од овие сите села , што ви ги прочитав , овде каде што има издвоено средства  има асфалт и има вода од системот Лукар. Во село Радња ниту има пат, за асфалт да не прајме, да не разговараме воопшто,  ниту пак има вода,  има вода од една чешма,  што ја имат направено пред 40 и 50 години преку Сојуз на Борците, значи во село Радња нема ништо, а колку се капацитетите на тоа село , може да  си замислите кога ќе видете дека скијачкиот центар спаѓа во КО Радња, дека од таа некогашна Општина Конопиште сите пиеме вода денес во Кавадарци, од таа Општина Конопиште некогашна во Мрежичко и во Конопиште, тука е Горска, тука е  Кожувчанка, тука е Изворска. Да не споменуваме дека еве сега ќе се гради една мала  проточна хидроцентрала на реката Дошница, она што  Радњански го коментираше на неколку седници дека има таму невидени можности за развој. Кога велам невидени можности за развој знајте сите дека едно  од ретките комунални претпријатија кое што  не е во загуба и одлично функционира , тоа е ЈП Комуналец, благодарение на тоа што имаме 2 или 3 такви проточни хидроцентрали,  а имаме можност да направиме уште неколку, ете затоа и лично ќе го повикам и Градоначалникот  и со еден стручен тим да ја посетат таа област која што е во Општина Кавадарци да видат кои се можностите за таму. Да не зборувам, дека од таму и се грееме сите Кавадарчани, да не зборувам дека и

многу фирми со дрвопреработувачка токму од таму, нели ги користат ресурсите на таа планина . Ние знаеме сите дека буџетот се формира нели од паричните средства што  доаѓаат, се од донации, од даноци и такси итн.  И сега и тие 1500 луѓе што се од Кавадарци плаќаат нели  даноци , плаќаат такси, па треба ли да ги викнеме на граѓанска непослушност , да не плаќаат повеќе даноци, за тоа што гледаме дека систематски со ред, деценија и повеќе селото Радња е изоставено. Значи ако може за тампон да се даде 1 000 000 денара во неколку селски , во неколку села  за Радња воопшто да е изоставено, ко да не нема. Затоа беше првичниот коментар  дали Градоначалникот е татко на градот и на сите околу, излева  дека за село Радња е очув. Иако  нели честопати и  знаат и да се заканат, малку се така они лути Радњани дека ќе ги бојкотират изборите, затоа  што нема ништо кај нив . Па еве би го замолил Градоначалникот во оние  ставки што ги пишува , барем да пишува, 1 000 000 денара да има и за Радња. Не можам да негирам дека Градоначалникот со она што значи администрација општинска не издејствува да си пробиваме пат, со кој што се скрати патот за Радња околу 4 км, дека машини работеа таму околу една недела, ама не може и да не искоментирам  дека со една куќа во Драгожел работеа 1 месец и сигурно ќе треба уше едно пет-шеесет или стотина  камиони тампон кој што е таму, значи  не треба да се носи од овде и во контакт со Градоначалникот ми беше кажано дека таа работа ќе се среде , но сакам сепак да биде во програма , нели во некоја ставка или потставка  ставена  една сума од барем 1 000 000 денари, ради тоа што не може во село Бошава да бараат технолошка вода, а овде нема ни вода. Ако едно црево од  три-четиристотини метра кое што треба, бидејќи тоа е  веќе старо црево да се смене, има  можност  Општината нели со толкав буџет тоа да го надоместе и би сакал да  го чуам коментарот на Градоначалникот за да ги избегне оние коментари кои што ги слушам , еве во градот дека е очув на овие што се од село Радња и уште еднаш ќе повторам нигде овде  во овие села го нема ,  ко да не постое , некогашна мала Москва.

РИСТО САКАЛИЕВ:  Колеги советници дали уште некој ?

ТАШО РАДЊАНСКИ: Не за мене, значи не за мене, коментар на Градоначалникот, туку за луѓето кои се по потекло од таму. Не

сакам некој да рече рече дека Радњански сака да му пуштат вода . ..

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги советници дали уште некој бара збор по оваа точка?Ако не бара збор, коментарите се позитивни, Амандманите ги прочитаа, а предлагачи Советници група СДСМ. Јас мислам дека треба овие колегите од СДСМ да дотурат и коалициони партии ради тоа што и ние дадовме подршка . Од мене толку штом никој не бара збор , збор даваме на предлагачот на буџетот да се изјасни по прифаќање на Амандманите и по барањата на советникот Радњански . Повели Градоначалник.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, Почитувани Советници, почитувани стручни соработници во Општина, почитувани раководители и наши сограѓани на Општина Кавадарци. Прво би ги исдискутирал Амандманите поднесени од советничките групи. По однос на амандманот кој што се предлага средства за зголемување во висина од 400 000 денари да се надополни во делот на социјалната заштита на луѓе жртви на семејни насилства, во консултација со стручните служби како Амандман ние можеме да го прифатиме . Во делот на Амандманот за зголемување на социјалната, односно на здраствената заштита од 1 500 000 на 2 000 000 денари за нашата регионална болница и заштита здраствена на населението на Општина Кавадарци. Исто можеме да го прифатиме на 2 000 000 денари, нормално со образложение понатаки од раководните тела на здраствените институции за нивни потреби кои што ќе ги употребат за јавен интерес на самите граѓани. Во делот на Амандманот за зголемување на урбанистичките планови за милион денара, исто можеме да го дополниме од 5 255 000 на 6 255 000, така да тие амандмани за нас се ок прифатливи. Во делот на селото Радња јас сакам само да додадам, да кажам дека Радња почиња на буквата Р, Ташо изгледа ја нема видено буквата Р тука во овие Извештаи, а може станува збор и за техничка грешка за тоа што не е ставено селото Радња, ќе надополниме со милион денара за село Радња, буџет кој што заедно со месната, односно со заедницата нивна месна ќе ги тие средства, направиме буџетски да се наменат во делот на инфраструктура за селото Радња. Така да сите коментари во делот и на амандманите и на Ташо се за нас

како предлагач на буџетот прифатливи и сакам само за крај да искоментирам дека ниту едно село, ниту една урбана селска заедница во Општина Кавадарци не е тргната од видикот на Општина Кавадарци, а во делот на она народното што го кажа Ташо дали за некој е татко, за некој очув, да јас сум добар татко, ,меѓутоа ако треба на некој да бидам очув, ќе бидам исти очув, така да таа поговорка народна не важи и очув и татко треба да има рамноправни обврски према оние што си ги земал за последици да ги третира понатаки. Така да и ако сум очув ќе бидам исто како татко. Така да благодарам на амандманите и на забелешката за нас е прифатливо, со она што мислам дека во забелешка во самиот Записник треба да влезе дека овие веќе 3 000 000 денара со Амандмани ќе ги намалиме од капиталниот проект за Брушани и за водоснабдувањето. Тоа ќе се исполни и Брушани со средства што ќе ги дообезбедиме накнадно од донации или блок дотации од други институции кои ќе ги побараме . Така да тие 7 000 000 кои што мислам ќе бидат проектирани во Буџет ќе бидат 4 и овие 3 000 000 ќе ги распоредиме врз основа на амандманите кои што беа поднесени и забелешката за техничката исправка во делот на селото Раец. Благодарам .Радња се извинувам .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Градоначалник. По исцрпените дискусии мене ми останува да повикам на гласање по точка бр. 1 , по најбитната одлука на Советот на Град Кавадарци. Колеги дали има воздржани и против првата точка? Нема. Утврдуваме едногласна 19 ЗА по Предлог Буџет на Општина Кавадарци за 2021 година. Од мое име еднаков меѓу вас, големо задоволство е мое, се надевам на Градоначалникот и службите што го изготвиле буџетот и за едногласната подршка под точка број 1.Сакате колеги да правиме 5 минути пауза по ова точка или да продолжиме до крај? Колегите околу мене повикуваат 5 минути пауза. Ве замолувам да бидиме. Ај нека биде 10 минути по едно кафе, па потоа продолжуваме. Редно е кога се гласа буџет , сега се и условите такви со едно кафе, да покажиме задоволство према оние што го изготвуваат, а обврската за реализација останува на службите и Градоначалникот, тие нека му ја мислат како планирале и да бараат реализација, подршката од Советот ја имаат беспрекорно, со тоа што ние 19 советници едногласно на наше

задоволство и задоволство  на Град Кавадарци  даваме подршка. Давам 5 минути пауза .

РИСТО САКАЛИЕВ:  Колеги Советници продолжуваме. Помина паузата  и повеќе  малку од тоа што требаше. Присутни? Да.

2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани, против? Нема . Едногласно.

3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2021;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање . Воздржани, против дали има? Нема. Едногласно.

4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор, ја ставам на гласање. Воздржани и  против дали има ? Нема. Едногласно .

5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕ во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Воздржани и против нема. Едногласно.

6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој . Одиме со гласање . Воздржани и против ? Нема . Едногласно.

7.Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2021 година;

Отварам  расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање. Воздржани , против дали има? Нема. Едногласно.

8.Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа колеги. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Дали има воздржани, против? Нема . Едногласно.

9.Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2021 година;

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани, против? Нема. Едногласно. Едногласно ЗА.

10.Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Колеги дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

11. Предлог-Програма за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта во Општина Кавадарци за 2021 година;

Не бара никој збор . Одиме со гласање.Воздржани и против нема . Едногласно ЗА.

12.Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема никој воздржан и против. Сите сме едногласни ЗА.

13.Предлог-Програма за именување и дополнување на Програмата за комунални дејности за 2020 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање. Нема воздржани , против. Едногласно ЗА .

14.Предлог-Програма за комунални дејности за 2021 година;

Одиме со расправа. Кој бара збор? Нема за збор. Одиме со гласање . Дали има воздржани и против? Нема . Едногласно 19 ЗА.

15.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2021 година;

Дали некој бара збор? Нема никој за збор. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема . Едногласно.

16.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема. Со гласање воздржани, против? Нема . Едногласно ЗА.

17.Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2021 година;

Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Нема воздржани, против. Едногласно ЗА.

18.Предлог-Програма за заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2021 година;

Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Воздржани и против колеги нема . Едногласно. Благодарам.

19.Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2021 година;

Одиме со расправа. Кој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

20.Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање . Дали има воздржани и против? Нема . Едногласно.

21. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Одиме со гласање. Воздржани, против нема . Констатираме едногласна одлука ЗА.

22. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2021 година;

Одиме со расправа. Не бара никој збор. Гласање. Воздржани , против дали има ? Не . Констатираме едногласна одлука за ЗА.

23. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на бесправно изградените објекти со намените на земјиштето;

Одиме со расправа. Дали некој бара збор ? Не бара никој. Давам гласање. Дали има воздржани, против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА .

24.Предлог-Одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на река "Милевец" и "Изворите", Општина Кавадарци, опфатена со Урбанистички план за село Раец, Општина Кавадарци;

Одиме со расправа. Колеги дали некој бара збор ? Не бара никој . Против и ЗА со гласање нема . Установуваме едногласна одлука .

25.Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект;

Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Воздржани, против нема . Едногласно ЗА.

26.Предлог-Програма за развој на Општина Кавадарци за 2021 година;

Одиме со расправа. Дали некој бара збор? Нема за збор. Давам гласање . Кој е воздржан и против ? Нема никој. Едногласно ЗА.

27.Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2021 година;

Одиме со расправа. Нема никој за збор. Давам на гласање. Воздржани, против дали има ? Нема . Утврдуваме, констатираме едногласна одлука ЗА.

28.Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест на движни ствари – електрични колички на електромоторен погон за хендикепирани лица на Здружение на лица со телесен инвалидитет ..МОБИЛНОСТ“ Кавадарци ;

Отвараме расправа. Дали Докторке барате збор?

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Сакам да ви искажам една огромна благодарност од корисниците, добитниците на овие две инвалидски колички, за големата хуманост од страна на Градоначалникот и Советот на Град Кавадарци. Двете момчиња се млади, перспективни. Едниот е добар спортист од групата на инвалиди и една огромна благодарност и желба и натаму да помагаме на ваквите луѓе .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме колешке со надеж дека и нашата волја е да немаме такви луѓе, но кога имаме мораме да помагаме максимум и ќе продолже Општина Кавадарци подршка на проекти такви. Сега ја ставам точката на гласање.Воздржани, против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

29.Предлог-Програма за изменување и дополнување на активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2020 година;

Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има ЗА и против? Дали има против и воздржани? Се извинувам. Нема воздржани, нема против. Констатираме сите ЗА.

30.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема за збор. Одиме со гласање. Воздржани и против нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

31. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година на правно лице;

Одиме со расправа. Нема никој за збор. Давам гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

32. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2021 година на правно лице.

Одиме со расправа. Нема никој за збор. Давам гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

33.Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2021 година;
Отварам расправа.

ВИОЛЕТА ДИМИТРОВА: Јас сакам само еден Амандман од Комисијата за одбележување на празници и манифестации.

РИСТО САКАЛИЕВ: Повели. Предлогот е за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2021 година врши следно изменување и дополнување . Во делот еден Одбележување на значајни настани и личности , кои што се чествуваат секоја година за месец мај се додава нов настан и тоа 24 Мај, Денот на Сесловенските просветители е ден кога им одаваме почит на двајцата солунски браќа Светите Кирил и Методиј, кои во деветиот век ја создале првата словенска азбука . Датумот 24 Мај е избран како Ден на Словенските просветители, затоа што на таа дата пред 11 века започнала т.н. Моравска мисија, односно мисијата при која Светите отци и учители, браќата Кирил и Методиј нам и на сите словенските народи во наследство ни ја оставија азбуката, писменоста и духовноста. Чествувањето на овој ден ќе се одвива во соработка со основните и средните училишта во Општина Кавадарци, а во останатиот дел на програмата останува не променет .

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колешке. Прифатено е од наша страна, само давам на гласање дали советниците ќе потврдат.

БОЖАНКА МИНОВА: Јас имам збор.

РИСТО САКАЛИЕВ: А се извинувам. Повели. Се извинувам. Не реков друг за збор. Повели колешке .

БОЖАНКА МИНОВА: Јас сакам да се надоврзам на овој Амандман. Ова беше предлог со оглед на тоа дека вака значаен датум за нас, кој што се однесува на нашите просветители. Досега

одбележувањето се засниваше само на еден неработен ден, што мислам дека е далеку од она што треба да се случува на тој ден. Затоа апелирам и до Градоначалникот да го потикне Секторот за образование да направат План и Програма за чествување на овој празник и по вертикала да ги потикнат и самите училишта, нема да има никакви финансиски инпликации ова. Сите училишта ако заземат учество ќе биде добро и уште еден Предлог во тој дел да се направи и изготват критериуми за избор на најдобар просветен работник или неколку просветни работници кои што заслужуваат да се нели наградат за својата успешна работа . Благодарам.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодарам колешке . Дали друг бара збор? Доколку никој не бара збор и едната колешка и другата имаа добри намери, издржани намери. Ние како Совет и како Комисија тоа ќе го пренесиме на директорите. Веројатно и Градоначалникот, не веројатно, него сигурно ќе даде подршка, а значењето да го направиме да биде на едно ниво, како што доликува. Сега само сакам да го дадам на гласање, да видиме како, заедно со Амандманот, со забелешките од двете колешки и Амандманот да го дадиме на гласање, дали советниците даваат зелено светло. Одиме со гласање на оваа точка. Дали има воздржани и против? Нема . Едногласно 19 ЗА.

34.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во промоција на,, Комуникација со јавноста,, во 2021 година;

Отварам расправа Никој не бара збор. Одиме со гласање. Нема воздржани и против. Едногласно. Едногласно ЗА.

35.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2020 година;

Овде 2020 напишале. Техничка грешка се извинувам. Отварам расправа дали некој бара збор ? Нема за збор. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

36.Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2021 година;

Да не беше претходното 2020 ова 2021, како и да е, службите ќе регулираат. Одиме со расправа под точка број 36. Нема за збор.

Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Констатацијата е едногласна одлука ЗА.

37.Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.12709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (зграда.1);

Колеги отварам расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Не. Едногласно ЗА. .

38.Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр.12709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање (зграда.6);

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор ја ставам на гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

39.Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 40/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Отварам расправа , а ве замолувам овие точки . што се судски да не ги читам само да ги нагласувам бројките, а вие да одите со гласање. Значи Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судскиот предмет, па сега ,како ги давам бројките број 40/20 сме едногласно ЗА .

Па другата наредната 40 точка бројката е 42/20. Дали има воздржани и против? Нема сме едногласно ЗА.

Па истата точка со реден број 44/20, па е судска. Дали има воздржани и против? Нема. Сите сме ЗА.

42. Судско порамнување редниот број е 32/20. Дали има против, воздржани? Нема . Едногласно ЗА.

43. Бројот е 47/02. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно сме ЗА.

44. Судската спогодба е 43/20. Дали има воздржани и против? Не. Сите сме ЗА.

45. Бројката на судската спогодба е 36/20. Има ли воздржани и против? Нема едногласно ЗА.

46, бројката е 35/20. Дали има воздржани и против?
Нема . Едногласно ЗА.

47 . 45/20 е судската спогодба . Едногласно сме ЗА.

48. Бројка 33/20 судска спогодба . Едногласно ЗА.

49.Предлог-Одлука за давање на трајно користење без надомест недвижна ствар - деловен простор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци ;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

50.Предлог-Одлука за давање согласност за реализација на проектот ,,Ритам на Европа,,;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА .

51.Предлог-Одлука за примање на донација на материјални добра од Друштво за прозиводство, трговија и услуги "ЗОКА ТРЕЈД" ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци

Доставен ви е и Амандман. Заедно со Амандманот отварам расправа. Нема никој за збор. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема . Едногласно ЗА.

52.Предлог-Одлука за примање на донација од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА. Нема да отвараме расправа ради тоа што примаме донација .

53.Предлог-Одлука за примање финансиски средства од ,, Z Transportation Inc,, претставништво Кавадарци , за изградба на парк до споменикот,,Киро Крстев,, ;

И овде нема да отвараме расправа. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

54.Предлог-Одлука за коефициентот на платите на директорите на културните институции основани од Општина Кавадарци;

Одиме со расправа. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Дали имаме воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

55.Програма за работа на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Заедничка расправа по сите точки до 60 точка, а гласањето поединечно.

56.Финансов План за 2021 година на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

57.Програма за работа на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

58.Финансов План за 2021 година на МХЕЦ Лукар ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

59.Одлука за давање на времено користење на движна ствар на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

60.Одлука за распределба на акумулирана (нераспределена) добивка на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци донесена од Управен одбор на ЈП,,Комуналец,, Кавадарци;

Отварам расправа по сите точки одеднаш. Дали некој бара збор? Не бара никој. Одиме со гласање. Само ќе ги читам бројките, точките не ги повторувам Бевме до точка број 55.
55. Дали има воздржани, против? Нема . Едногласно ЗА.

56. Воздржани и против нема .Едногласно ЗА.

57. Нема воздржани и против. Едногласно ЗА.

58. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

59. Дали имаме воздржани и против? Немаме. Едногласно ЗА.

60.Ја давам на гласање. Дали има воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

Продолжуваме понатаму .

61.Програма за работа за 2021 година со арх.бр.03-2011/3 од 30.11.2020 година на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

Да ги поврзам точките исто како за Комуналец на Паркинг. Одиме поединечно со гласање со заедничка расправа .

62.Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци со арх.бр.03-2037/3 од 07.12.2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

63.Одлука за примање од ЈП,,Комуналец,, Кавадарци на времено користење движна ствар-машина марка GRAKO LINELAZER 250 sps со арх.бр.03-2037/4 од 07.12.2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;

И до овде. Одиме сега по бројчано. Само ви ги читам бројките и одиме со гласање.

61. Одиме со гласање. Дали има воздржани и против? Нема . Колеги едногласни сме тука ЗА.

62. Дали има воздржани, против? И овде нема. Едногласни .

63. Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

64.Програма за работа за 2021 година на ЈОУ Библиотека,,Феткин,,Кавадарци со арх.бр.02-199/3 од 25.11.2020 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека,,Феткин,,Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Против и воздржани има ли? Нема. Едногласни сме ЗА.

65.Програма за работа со арх.бр.02-437/1 од 18.11.2020 година на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци, донесена од

Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура ,,Иван Мазов Климе,, Кавадарци;

Отварам расправа. Доколку никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Имаме ли против, воздржани? Немаме. Едногласни 19 ЗА.

66.Програма за работа со Годишен финансов План со арх.бр.02-44/4 од 17.11.2020 година, на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Отварам раправа. Дали некој бара збор? Колеги никој не бара збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани, против? Нема. Констатираме 19 едногласно ЗА.

67.Програма со финансов план со арх.бр.0202/3 од 05.12.2020 година за работа на КСП Подиум-Јадро Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на КСП Подиум-Јадро Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Констатираме 19 едногласно ЗА.

68.Извештај со арх.бр.02-76/3 од 07.12.2020 година, за редовното работење на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци за III тромесечие од 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци;

Одиме уште една точка поврзана со Јасмин.

69.Програма со арх.бр.02-76/4 од 07.12.2020 за работа и развој на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци за 2020 година, донесена од Управен Одбор на ЈП,,Јасмин,, Кавадарци;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Нема за збор. Одиме со гласање .

68. Има ли воздржани, против? Нема. Едногласна констатација со 19 ЗА.

69. Ја ставам на гласање. Дали има против, воздржани? Нема. Констатираме 19 ЗА. Благодарам .

70.Предлог-Програма за обезбедување на бесплатно користење на лизгалиште на мраз за учениците од основните и средните училишта во Општина Кавадарци;

Отварам расправа. Никој не бара збор. Точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани, против? Нема воздржани, против. Сите се ЗА кога се работи за убава, добра работа, за учениците. Благодарам.

71. Барање со арх.бр.12-6274/1 од 26.11.2020 година од Македонски полициски синдикат;

Заклучокот ви е доставен со сите оние потребни работи и Заклучокот го ставам на гласање. Тука даваме да видеме дали има воздржани и против? Ако никој не бара збор, се извинувам. Нема воздржани и против. Констатираме 19 ЗА.

72. Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води бр.УП1-11/5 – 263 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река ,,Дошница,,Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала ,,Баров Дол,, ;

Отварам расправа. Дали некој бара збор? Колеги само се извинувам, само 1 минута пауза. Да видам само во материјалот дали има некоја техничка грешка и продолжувам. Јас сум отсутен само една минута и продолжуваме .

73.Барање за Мислење од Министерство за животна средина-Сектор за води, бр.УП1-11/5 -1363/20 од 16.10.2020 година, за издавање на Дозвола за користење на вода од река ,,Дошница,,Општина Кавадарци за потребите на малата хидроцентрала,,Папрад,, ;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

74.Програма за работа на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2021 година

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

75.Извештај за работа на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци за 2020 година, донесен од Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

Отварам расправа. Не бара никој збор. Одиме со гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Констатираме едногласна одлука ЗА.

76.Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставниците во Управен Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија
Отварам расправа.

ВИОЛЕТА ДИМИТРИОВА: ... Серафимова Јулијана виш соработник за правни и административни општи работи.

РИСТО САКАЛИЕВ: Благодариме Колешке. Одиме со гласање. Дали сме Дали има некој воздржан, против? Не. Констатирам 19 ЗА. Едногласна одлука.

77. Предлог – Програма за волонтери во Општина Кавадарци за 2021 година .

Одиме со расправа. Не бара никој збор. Давам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Констатирам 19 ЗА. Едногласна одлука.

78. Предлог – Одлука за ослободување од плаќање надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект .

По оваа точка отварам расправа. Доколку нема никој за збор, ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема колеги. Констатирам едногласна одлука со 19 советници ЗА.

79. Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината за комуналните такси во Општина Кавадарци.

Отварам расправа. Дали од колегите некој сака да земе збор? Нема. Одиме со, ја давам точката на гласање. Има ли воздржани, против колеги? Нема. На наше задоволство 19 ЗА. Констатација 19 ЗА едногласна одлука .

80. Предлог – Одлука за субвенционирање на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион – Тиквеш- Кавадарци .

Отварам расправа. Заедно со амандманот се подразбира. Ако нема никој за збор, точката ја ставам на гласање. Има ли воздржани и против? Нема. Едногласно ЗА.

81. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2020 година.

Немаме тука расправа, одиме со гласање. Воздржани, против нема. Едногласна одлука ЗА.

82. Измена и дополнување на Годишен План со арх.бр.04-638 од 09.12.2020 година, за вработување на ООУ Страшо Пинџур Кавадарци за 2021 година, донесен од Директорот на ООУ Страшо Пинџур Кавадарци.

Отварам расправа. Никој не бара збор. Го давам на гласање. Нема воздржани, нема против. Констатирам 19 ЗА .

Одиме со точка број 83.

Колеги се извинувам со ова точка го исцрпивме Дневниот ред. Јас сега како Претседател на Совет сакам да ви честитам носењето на Буџетот на Општина Кавадарци. Да посакаме овој буџет да се реализира во што поголем процент, но исто сакам, поради тоа што мислам, али ако дојде до потреба ние до крајот на годината ќе направиме уште една седница. Направивме голем дневен ред за да не се собираме повеќе пати, ради ова корона криза, да нема собирање, се донесоа добри, битни одлуки. Сакам на советниците, на граѓаните да им посакаме убави празници. Ние како Совет и како колеги продолжуваме да се дружиме во она мера, во која што дозволува Законот. Не работиме до Нова Година, ние ќе работиме. Ако нема официјална средба, нашата работа не значи само одржување на седница, него и многу други работи што досега ги работевме. Јас сакам да изразам и едно големо задоволство оваа година од моите колеги советници. Сакам да им се заблагодарам на кординаторите на советничките групи, некогаш беа агресивни, имаше расправии, ама сето тоа беше насочено за подобри услови на град Кавадарци, на граѓаните. Доблест еден координатор на советничка група да се спротистави на мислење на Градоначалник, на Претседател на Совет, па кога ќе се најде заедничко решение, најдобро да се прифати, била таква полемика, ефектот е сет наклонет према граѓаните. Има голема соработка со локална администрација и голема подршка на Градоначалникот, али тоа што секогаш сме ја избрале правата страна. Соработката се надевам и во наредна година ќе продолжи. За да не должам многу јас сакам да ви посакам колеги многу здравје, ако можиме ова корона да ја заборавиме во ова година, да биде крај, ќе бидиме сите срeќни, ако не останува да се бориме максимум против неа. Мислам дека

Градоначалникот на овој ден, како мене советник, носење буџет е свечен чин за Општината. Голема обврска на Градоначалникот према граѓаните на град Кавадарци, голема обврска на локалните работници. Исто така се надевам дека Градоначалникот го повикав, да го замолам да дади збор, да ги поздрави граѓаните и на него оставам да носи некои препораки што мисли дека треба. Повели Градоначалниче.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани, најпрво би сакал, да на овој денешен ден, еве на оваа седница која шо ја одржавме, среда среќен ден, да се заблагодарам за транспарентноста и за објективноста во делот на досегашното работење меѓутоа и во делот на носењето на Буџетот за 21 година. Како што и сами го видовте Буџетот е направен на еден транспарентен, објективен начин, со сите можни фактори коишто треба да бидат вклучени од граѓанство, невладин сектор и ги издвоивме оние најдобри работи за нашите граѓани во делот и на културата и во делот на спортот, на руралниот развој, комуналната инфраструктура, капитални објекти така да имаме еден солиден буџет. Преостанува од утре натакај заедно со службите на Општина Кавадарци да имаме голема обврска да ова сето го спречиме, го спрочиме во реализација. Јас се надевам овие неколку денови од декември, кои што остануваат работни и од месец јануари 21, веќе наредната година дека интензивно ќе работиме на припрема на планот за јавни набавки, на пресметки и сите работи кои што треба да го исполниме буџетот и во негова реализација, меѓутоа и во негова реалност во интерес на граѓаните. Посебно е чест и задоволство шо овој трети наш буџет кој шо е донесен во овој мандат наш, кој што завршува наредната година на крајот. Затоа што мислам дека видливи се успесите заеднички во делот на промените во самиот град и во промените во инфраструктурскиот дел на градот, поготово во оној дел кој што е во директен опфат на самите граѓани, она што го работи Јавното претпријатие, целокупната Локална Самоуправа со Мој Општинар, целокупниот дел на секторот на спортот, образованието, во делот на инфраструктурските проекти, во делот на сообраќајот мислам дека Кавадарци се издига на едно повисоко ниво. Со овој Буџет кој што е веќе поминат на 21 година, мислам дека Кавадарци ќе ги заврши комплетно сите капитални инвестиции кои што треба да ги има еден град и ни останува понатаки здрави, живи да се бориме со нова Програма за нов мандат за да можиме да ги дигаме на повисоко ниво и спортските манифестации и културните манифестации, меѓутоа и нормално самото урбано живеење во

град Кавадарци, во  Општина Кавадарци. Овој буџет кој шо го донесовте како Совет и го изгласавте доста предвидува и доста има голем удел во делот на руралните средини, како шо и претходно спомна колегата Радњански сите села се опфатени во делот на инфраструктурата да може да ја подобриме  во највисоко можно ниво. Така да тоа е еден голем благодет, поготово сега кога сме во една незавидна ситуација со Ковид пандемијата, кога неможеме да движиме надвор од нашата држава и кога сите се присетивме на она каде можеме да ги поминеме викенди,  каде може да се релаксираме или  да на некој    начин смениме локација. Тоа се нашите села, тоа се нашите туристички излетнички места, тоа се нашите природни убавини кои што ги поседува Општина Кавадарци и целата држава, така да  мислам дека во право време, во тој контекс имаме сериозни инвестиции во делот на руралниот развој .
Јас како Градоначалник  ве уверувам дека заедно со службите на Општина Кавадарци  и со подршката на граѓаните и  со вас Советниците овој буџет објективно, транспарентно ќе биде во целост  реализиран. Исто така сакам да потенцирам, да кажам дека во делот на здраствената заштита, покрај тоа шо имаме во Буџетот донесено ние како Општина досега  доста учествуваме нашите граѓани во Општина Кавадарци  да максимално ги заштитиме или превенираме во делот на оваа пандемија, која што за жал однесе многу човечки животи, меѓутоа  и опасноста од неа е секој ден е се поголема доколку не се придржуваме кон оние препораки на Комисијата за заразни болести и на Владата која што во вчерашниот ден  ги изгласа и се веќе активни. Сакам да посакам за 21 година  многу здравје,  успех на секој план, на сите советници, на сите служби, на граѓаните на Општина Кавадарци. Исто така сакам да препорачам, вие како советници сте јавни личности, исто и сите јавни службеници да максимално ги почитуваме протоколите и препораките на Владата, пошто верувајте дека тие протоколи и препораки не им е лесно и оние што ќе ги носат да ги донесат, пошто знајте дека ограничувањето на луѓето дека е непопулистичка мерка  и неблагодарна, меѓутоа кога станува збор дека е во интерес на здравјето на самите жители и на целото граѓанство и на сите жители што ги имаме во цела Република ние мора тоа да го почитуваме до максимално  ниво, меѓутоа начинот за прославување и начинот за дружба не преостанува, еве доколку се навратиме наназад,  ние веќе имаме  неколку он лајн  седници. Не е исто како во живо, меѓутоа  можеме сепак да си завршиме работа, така да прославувањето  не треба да прекине, меѓутоа  нека биде во оние фамилијарни опкружувања  и честитки на начин  кој што може  да не си донесиме до загрозување  на јавното здравје. Ви благодарам уште еднаш. Се надевам дека наредната година ќе имаме

поуспешна година. Оваа пандемија да заврши  со завршувањето на годината. Да вакцините стигнат шо побрзо и кај  нас. Да бидиме поеластични во делот на комуникацијата и во делот на функционирањето. Како советници, како Градоначалник ни останува обврската до последниот ден на нашиот мандат, кој што  ни го дал граѓанството, ни го дале, да се исполнуваме  обврската јавна која што ја имаме. Така да нема да застанеме со работа  до последниот ден. Имаме уште многу за работа, т.е.  следната година не е малку. Една година имаме доста работи, доста предизвици  така да мислам ќе има продуктивна соработка и наредната година. Ви благодарам и се најдобро .

РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги  се заблагодарувам на Градоначалникот за говорот. Јас Седницата ја прогласувам затворена.

Изработил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ристо Сакалиев